Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица 12**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Празно и полно** | | **Одделение: I** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности – Опис** | **Активности – Организациони форми** | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| 10 мин.<br><br><br><br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br><br>10 мин. | Проценува и споредува зафатнина со директна споредба, а потоа со користење на вообичаени нестандардни единици | Можам да препознаам зафатнина<br><br><br><br><br><br><br><br>Знам да проценам и споредам зафтнина.<br>Умеам да користам нестандардни единици за да измерам зафатнина<br><br>Можам да користам соодветни нестандардни мерки за пресметување на зафатнината и да ја објаснам постапката | Поставувам пред учениците 3 шишиња: празно, полно, половина полно...<br>Барам да ги перцепираат убаво, можат да ги фатат, допрат, подигнат и некој да ми каже што воочил.<br>Учениците набљудуваат, споредуваат и искажуваат што забележале.<br>Утврдуваме дека едното е празно, другото полно, третото половина полно.<br>Потикнувам размисла како да измериме колку течност има во даденото шише.<br>Даваат идеи, сугестии, пробуваме дел од нив што се изводливи за да дојдеме до заклучок дека можеме да измериме со чаши – како нестандардна мерка.<br><br>Земам две исти шишиња со вода, во едното шише растворам боја - прашање во кое шише има повеќе вода?<br><br>Две шишиња/садови со различна зафатнина/каде има повеќе, каде помалку/колку – слободна проценка па проверување со директно мерење со избрана нестандардна мерка (чаша, филџан, капаче).<br><br>Во тетратките цртаме шишиња празно/полно, до полното шише цртаме колку чаши има во шишето.<br><br>Секоја група добива задача да изберат соодветен начин да измерат/проценат колку течност има/треба да има во садот/шишето/чашата.<br>1 група - шише 1,5 л вода<br>2 група - 2 чаши вода<br>3 група - шише 2 л<br>4 група - пластичен сад<br>5 група - празно шише<br>6 група - празен сад | З/И<br><br><br><br>З/И<br><br><br><br><br><br><br><br>И/З/П<br><br><br><br><br>И<br><br><br><br><br>Г | Шишиња<br>Чаши<br>Капачиња<br>Пластични садови<br><br>Тетратка<br><br>Табла | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Практична работа |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Заедничка, работа во парови, групна работа и индивидуална работа со ученици. | | | Решавање задачи. | | Полно, празно, половина, полн сад, празен, содржи. | |

obrazovanie.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="3">Седмица 12<br>Датум:</td><td colspan="2">Тема: Мерење и решавање проблеми<br>Наставна единица: Денови во неделата</td><td colspan="2">Одделение: I</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</td><td rowspan="2">Доказ за постигнување</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>10 мин.<br><br>20 мин.<br><br>10 мин.</td><td>Почнува да разбира и да употребува одредени единици за време, како на пример денови, недели<br><br>Ги подредува деновите во неделата</td><td>Можам да употребувам одредени единици за време, како на пример денови<br><br>Ги знам деновите во неделата<br><br>Знам да ги подредам деновите во неделата</td><td>Проверување домашна работа и разговор за тоа што изела малата гасеница Ненаситка во текот на една недела.<br><br>Индивидуална работа – од учениците барам да раскажат што прави секој од нив во секој ден од неделата (оди на училиште, игра тенис, оди на танц, часови по англиски...).<br><br>По претходен разговор за приказната Чорапите на Медо, од учениците барам да нацртаат во своите тетратки по еден пар чорапи во различна боја за секој ден од неделата.<br><br>Презентација на нацртаното.</td><td>З/И<br><br>И<br><br>И<br><br>З</td><td>Тетратка<br><br>Боички</td><td>Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Споредување</td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)</td><td colspan="2">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td colspan="2">Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Заедничка, работа во парови, групна работа и индивидуална работа со ученици.</td><td colspan="2">Редење на деновите во неделата.</td><td colspan="2">Ден, недела, денови во неделата: понеделник, вторник...</td></tr>
</table>

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

<table>
<tr><td colspan="3">Седмица 12<br>Датум:</td><td colspan="2">Тема: Мерење и решавање проблеми<br>Наставна единица: Денови и месеци</td><td colspan="2">Одделение: I</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</td><td rowspan="2">Доказ за постигнување</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>10 мин.<br><br>20 мин.<br><br>10 мин.</td><td>Почнува да разбира и да употребува одредени единици за време, како на пример денови, недели и месеци<br><br>Ги подредува деновите во неделата и други познати настани</td><td>Можам да употребувам одредени единици за време како недели и месеци<br><br>Ги знам месеците во годината<br><br>Можам да ги подредувам неделите и месеците во годината</td><td>На децата им ја раскажувам приказната Чорапите на дедо Медо.<br><br>Со децата започнувам разговор за приказната што им ја раскажав. Преку прашања заклучуваме во кој ден дедо Медо каква боја на чорапи носи и со тоа ги забележуваме деновите во неделата. Календарот што го изработивме од претхотниот час по општество ќе ни послужи да ги научиме месеците во годината. Секој ученик кажува во кој месец е роден и тоа го запишувам на табла, а децата во тетратките.</td><td>З<br><br>Г<br><br>И</td><td>Календар<br><br>Учебник</td><td>Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување</td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)</td><td colspan="2">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td colspan="2">Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Заедничка, работа во парови, групна работа и индивидуална работа со ученици.</td><td colspan="2">Да нацртаат што сакаат да јадат секој ден.</td><td colspan="2">Ден, месец.</td></tr>
</table>

obrazovanie.literatura.mk

| Седмица 12<br>Датум: | Тема: Мерење и решавање проблеми<br>Наставна единица: Часови | Одделение: I |
|---|---|---|

| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности – Опис | Активности – Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 мин.<br><br>20 мин.<br><br>10 мин. | Почнува да разбира и да употребува единици за време, како на пример часови, минути и секунди<br><br>Го чита времето (часот) и ги знае деловите од часот, минута, секунда<br><br>Избира и користи соодветни стратегии за пресметување и ја објаснува постапката | Можам да го препознаам и прочитам времето (часот во денот)<br><br>Знам да разликувам час од минута и секунда<br><br>Умеам да кажам колку минути има во еден час | Активноста ја започнувам со текстот: РАБОТНИОТ ДЕН НА ЗЛАТКО. Учениците го слушаат текстот и преку апликации одговараат на поставените прашања. Им се истакнува целта и се запишува на таблата: часови. Се продолжува разговорот, пр: во колку часот Златко станува наутро? Во 7 часот - им го покажувам часот кој е поставен пред нив. Понатаму водиме разговор каде оди Златко? На училиште? Во колку часот? Во 8 часот, а се враќа во 12 часот и тоа им го покажувам т.е. истакнувам. Колку време се задржал? Задоцнил 4 часа. Потоа се води разговор дека часот има минути и секунди. Им објаснувам дека минутите и секундите повеќе се применуваат кај спортистите. Даваме и други примери од секојдневите случувања. На децата им објаснувам дека порано времето го мереле со песочен часовник, им го објаснувам како функционира и што претставува.<br>Потоа ги делам на групи:<br>1 група црта часовник и го одредува часот 10.<br>2 група црта часовник и го одредува часот и минутата 11.15<br>3 група моделира часовник и се мери времето за колку е измоделиран часовникот.<br>Потоа секој ученик одговорен од групата објаснува што сработила нивната група и го истакнува насликаното. | З<br><br>Г<br><br>И | часовник<br>тетратка<br>листови<br>пластелин | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |

| Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите) | Забелешки / можности за проширување / домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| Заедничка, работа во парови, групна работа и индивидуална работа со ученици. | Да го одредат времето во часови и минути според примерот во математиката, трет дел на страна 9. | Час, часовник, гледа. |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 12**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Подредување настани** | | **Одделение: I** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br><br>10 мин. | Ги подредува деновите во неделата и други познати настани | Можам да подредувам настани<br><br><br><br><br><br>Знам да подредувам настани<br><br><br><br><br><br>Умеам да подредувам настани | На таблата им редам слики од приказната Снежана. Учениците имаат задача да ги подредат сликите редоследно според случувањата.<br><br>Учениците ги делам на три групи:<br>1 група добива карти со слики што треба да ги подредат редоследно според настаните – Мојот работен ден (станува, се мие, заби, лице,...).<br>2 група добива слики измешани редоследно, а учениците имаат задача да ги наредат редоследно со внесување на броевите.<br>3 група добива наставен лист во кој треба да доцрта што следува помеѓу дадени настани.<br><br>Учениците работат во групите, наставникот е помеѓу нив, им помага, насочува, коригира<br>Секоја група презентира и се дискутира за сработеното. | З/И<br><br>З/И<br><br><br>И/З/П<br><br>И<br><br><br><br>Г | <br>Тетратки<br>Табла<br><br><br>Карти што покажуваат дневни настани како: станување, миење заби, појадување, одење во училиште, играње, легнување<br><br>Празни карти за децата да нацртаат нешто свое | <br><br><br>Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Практична работа |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Заедничка, работа во парови, групна работа и индивидуална работа со ученици. | | | | | Ден, недела, месец, година; Денови во неделата: понеделник, вторник,... Час, часовник, гледа. | |